**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**НУМ„СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НАПОЕЗИЈАТА“**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**INM „MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË“**

Ул. Браќа Миладиновци бр.5, 6330 Струга, Поштенски фах 111
Rr. Vëllezërit Miladinov nr.5, 6330 Strugë, PO box 111

Тел./Tel.+389 46 786 270, E-mail: struga@svp.org.mk
www.svp.org.mk

Врз основа на член 12 став 2 точка 18 од Статутот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, а постапувајќи по Заклучокот од 50 седница на Влада на Република Северна Македонија, точка 83, одржана на 02.03.2021 година, в.д. директорот на Национална установа Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга, донесе

## ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
## за 2025 година

Како резултата на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борба против корупцијата, а во врска со Известувањето за преземање мерки за борба против корупцијата, Национална установа Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга, го изготви овој План за спречување на корупција кој има цел да ги утврди и дефинира ризичните области за корупција во рамки на нејзината надлежност и делокруг на работење, да ја зголеми институционалната отпорност на корупција и да воспостави механизам за контрола и превенција од појава на истата, за 2025 година.

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Под поимот корупција, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.
Поединецот кој коруптивно се однесува, преку злоупотреба на својата положба се здобива со материјална или нематеријална корист, која може да биде наменета за него или за некој друг. На овој начин, одредени лица недозволиво стекнуваат корист, додека на други им е отежнато остварувањето на некое право, кое инаку им следува по законски пат. Од корупцијата корист може да имаат две страни во еден однос, а штетата да биде последица по пошироката општествена заедница.

НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, (во натамошниот текст:НУМ СВП) во тековната 2025 година ќе промовира висок степен на интегритет и нулта толеранција на корупцијата, како и активно спротивставување на корупцијата. Исто така нема да се толерира било каква форма на неетичко и неморално однесување. Во оваа насока НУМ СВП ќе ги превземе сите активности за превенција и навремено препознавање на ризиците од корупција.

Република Северна ... установа
Манифестација ... НА ПОЕЗИЈАТА
Republika e ... Nacional
... POEZISË
Бр.Nr 03-22/1
16.01.2025 год.viet

Посебен акцент ќе биде ставен на унапредувањето на личниот и професионален интегритет на вработените од кои се очекува при вршење на работните задачи да применат соодветно знаење и вештина, етички капацитет, решителност, чесност и работа во полза на НУМ СВП и јавниот интерес.

Обврска на вработените е при вршењето на работните задачи да постапуваат согласно важечките законски одредби, подзаконските акти и интерните акти (правилници, процедури, деловници и сл.).

Секој вработен треба да ги почитува и истовремено да ги применува законските и подзаконските акти и прописи и интерните акти на НУМ СВП, како и стандардните професионални и етички норми на однесување, со што ќе манифестира висок степен на интегритет во работењето, со цел да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на истата.

Никој не смее да биде исклучок при утврдувањето на одговорност за коруптивно однесување и никој не може да го попречува, ограничува или на било каков начин да го разводнува процесот на утврдување на одговорност.

**Вршењето на службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на контрола. Секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно закон.**

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Корупцијата во НУМ СВП би се препознала кога:

- Вработените или раководството при извршување на своите службени задачи и овластувања, за што како возврат бараат за себе или за друг некаква корист, погодност и имаат интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета.
- Непочитување на стандардните постапки и интерните акти и процедури и
- Свесно злоупотребување на својата службена положба и овластувања за директно или индиректно понудена, дадена, ветена, побарана, прифатена или очекувана корист материјална или нематеријална или друга придобивка за себе или некој друг.

НУМ СВП ќе ги преземе сите мерки и активности за препознавање, спречување и сузбивање на секаков облик на корупција кои можат да се појават во установата, а се резултат на погоре наведените активности.

Справување на институцијата со корупцијата ќе започне со испраќање на јасна порака до сите дека корупцијата нема да остане несанкционирана и ќе се води според следните 5 законски принципи: принцип на законитост, принцип на интегритет, принцип на еднаквост, принцип на јавност и принцип на заштита и одговорност.

1. **Принцип на законитост** – почитување на правните норми пропишани во Уставот и законите во државата. Секој е должен во вршење на функцијата, службената должност и положба да постапува во согласност со Уставот и со законите во државата. Никој не смее да ја користи функцијата, службената должност и положба за извршување на некое дејствие што според закон не смее да го изврши или неизвршување на законито дејствие да го искористи за својот личен интерес или за интересот на друго лице.
2. **Принцип на интегритет** – подготвеност на поединецот да препознае и одлучно да се спротивстави во некоја незаконска, неморална или нечесна ситуација. Под поимот

„интегритет„ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се вработени. Секој е должен во вршењето на функцијата да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на службените обврски и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

**3. Принцип на еднаквост** – еднаков пристап, еднакво постапување, слободно настапување и еднаквост при пријавување на корупција. Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности. Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно неизвршување на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.

**4. Принцип на јавност**- Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контола од граѓаните. Тоа значи дека јавноста, односно граѓаните-индивидуално или организирани во група се заинтересирани и имаат право да знаат за начинот и условите во кои се практикува власта. Државните органи за својата работа мора да ги информираат граѓаните, а граѓаните пак, имаат право да преземаат акција (пријавување) против оние државни службеници чие однесување е неправилно и незаконско.

**5. Принцип на заштита и одговорност-** Овој принцип подразбира дека секој, доколку има информации, има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно закон. Секој кој е оштетен со коруптивно дело има право да бара надоместок на штета.

## АНТИКОРУПЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Во контекст на горенаведеното Планот за спречување на корупција за 2025 година, НУМ СВП ќе го спроведува преку следниве активности:

- Достава на Анкетни листови за пријава на имот од страна на Раководството и членовите на Управниот одбор ;
- Јакнење на интегритетот и професионализација на вработените;
- Активна департизација и деполитизација на вработените;
- Почитување на Кодекс за администативни службеници од страна на вработените;
- Почитување на етичкиот кодекс за именувани лица од страна на директорот на институцијата и именуваните членови на Управниот одбор;
- Воведување на контроли за буџетско трошење на средствата согласно законските прописи;
- Проверување на внатрешните процедури и процеси за работа во установата, со цел навремено идентификување на одреден ризик од појава на корупција и воведување на нови интерни процедури;
- Зајакнување на контролата и надзор на јавните набавки, редовно објавување на плановите за јавните набавки и целосната документација од тендерските постапки, како и забрана за лично влијание на раководните структури и вработените кои се учесници во постапките за јавни набавки, на нивнот тек и резултат;
- Јавно објавување на огласи за вработување и унапредување, како и транспарентна, фер и конкурентска постапка на селекција за избор на најкомпетентен кандидат за работно место, согласно важечките законски одредби;

- Јакнење на меѓуинституционалната соработка за спречување на корупција;
- Континуирана и специјализирана обука за вработените и нивно стручно оспособување и усовршување;
- Зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето во установата;
- Контакт информации на веб страната за лице одговорно за постапување со информации од јавен карактер, навремено одговарање на пристигнатите барања и нивно објавување на веб страната на установата;
- Задолжително објавување на сите документи, кои претставуваат информација од јавен карактер;
- Овозможување слободен пристап на информации од јавен карактер согласно законските одредби и други релевантни барања водејќи се од начелото на транспарентност, отчетност и непристрасност;
- Да обезбеди услови за почитување на принципите на отчетност и транспарентност во работењето на НУМ СВП, преку вистинито, објективно и непристрасно информирање на јавноста за работи и настани кои се од делокругот на работата на установата а се од јавен интерес;
- Преземање на дисциплински мерки против вработени кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконито и неетично.
- Соработка со Државна комисија за спречување на корупција, како и со други надлежни државни органи и институции, во согласност со начелото за заштита и одговорност;
- Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Преку почитување на законските норми од областа на корупцијата, како и друга поврзана законска и подзаконска регулатива НУМ СВП има општествена одговорност да обезбеди услови за доследна примена на сите наведени антикорупциски активности.

Планот за спречување на корупцијата ќе се имплементира за период од две години.

За реализација на наведените активности надлежни се сите одделенија во НУМ СВП.

Директорот е должен да ги запознае сите вработени со овој план.

Планот за спречување на корупцијата ќе биде објавен на интернет страната на НУМ СВП.

**НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга**

**В.д. Директор**

**Цветанка Маркоска**

Струга
Struga